Национален Ромски Центар
Адреса: „Доне Божинов" 11/5, 1300 Куманово, Македонија
Тел/факс: + 389 31 427 558
веб страна: http://www.nationalromacentrum.org
ел. пошта: info@nationalromacentrum.org

# Национален ромски центар

Здружение
НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР
НРЦ
бр. 03-257/1
15.09 2015 год.
КУМАНОВО

До Генерален Секретаријат на Влада на Република Македонија

Одделение за соработка со невладини организации

Бул. Илинден бр.2

1000 Скопје

**15.09.2015 година**

**Предлози на здружение Национален ромски центар за Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2016 година**

Национален ромски центар (НРЦ) согласно член 14 на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики (Службен Весник на Р.М бр.99 од 22.07.2011 година), ви доставува предлози за Програмата за работа на Влада на Република Македонија за 2016 година.

Националниот ромски центар (НРЦ) е здружение кое работи на застапување за пристап до фундаментални права и еднаквост на сите пред законите. Од своето основање во 2005 година, па до денес НРЦ се развива како организација - застапник за правата на Ромите, но и останатите граѓани на Република Македонија кои се соочуваат со маргинализација, дискриминација, сиромаштија и други облици на социјални предизвици, кои креираат состојба на социјален ризик и ранливост. *Стратегиски приоритети кои го определуваат опфатот на рамката на дејствување, а во насока на поддршка на Ромите и останати лица кои се под социјален ризик, се дефинирани како: 1. Пристоен дом и услови за живеење, 2. Пристап до квалитетни здравствени услуги и информации и 3. Еднакви можности за пристап до правда и уживање во владеење на правото.* НРЦ е здружение регистрирано во Министерство за правда на Р.М, за давање на претходна правна помош.

**1. Предлози во областа на пристап до правда и Законот за бесплатна правна помош (Министерство за правда на Република Македонија)**

**1.1** НРЦ во делот на бесплатната правна помош предлага измени на Законот за бесплатна правна помош (Службен весник на Р.М 161/2009, 185/11, 27/14, 104/15), следниве правни прашања да бидат земени во предвид за одобрување на барање за бесплатна правна помош во член 8 став 2 да се вклучат семејните односи, личните односно статусните односи. Како аргумент во прилог на оваа препорака е фактот дека најголем број од барањата за пружање на претходна правна помош се однесуваат на семејни односи (развод на брак, чување и воспитување на деца, старателство, одземање на родителско право и други); во делот на лични односно статусни односи најголем дел од претходната правна помош се однесува на уредување на личен и граѓански статус (упис во МКР, постапка за прием во државјанство на Р.М).

**1.2** Предлагаме измени и дополнувања во член 10, член 22 и член 23, предлагаме воведување на двостепеност на постапката за обезбедување на бесплатна правна помош, имајќи го во предвид сегашното законско решение за барањето за бесплатна правна помош во прв и единствен степен одлучува Министерот за правда на Р.М, а предвидена е судска заштита со поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија. Предлагаме подрачното одделение на Министерството за правда да одлучува во прв степен по барањата за бесплатна правна помош, а Министерот за правда да одлучува во втор степен по жалба како редовен правен лек.

**2. Предлози во областа на домување, легализација на бесправни објекти и приватизација на градежно земјиште[1] (Министерство за транспорт и врски и Министерство за финансии, Управа за имотно-правни работи)**

**2.1.** НРЦ на полето на **домување и уредување на правен статус на бесправно изградени објекти** и предлага на Владата на Р.М да ја разгледа можноста за измени и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти со што ќе се допринесе до поголема заштита на подносителите на барање за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. (Министерство за транспорт и врски)

Во постапката за утврдување на правен статус по комплетирање на барање од страна на странка подносител на барање, е член 11 и член 12, член 19 од Законот, со кои се уредува издавање на урбанистичка согланост и условите за издавање на урбанистичка согласност за

[1] НРЦ работи на полето на легализација на ромско домување во Македонија, заедно со ФООМ и Хабитат Македонија, 2011-2015

бесправни објекти за да се вклопи бесправниот објект во урбанистичко планска документација согласно овој закон и согласно Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација пропишани од Министер за транспорт и врски. Ова е битно затоа што кажува како објект со намена домување за кој се бара легализација може да му се издаде урбанистичка согласност и како може да се пренамени земјиште во друга класа на намени заради усогласување со намената на бесправниот објект- **најчест пример од практика** намена на објект е домување а намена на земјиште е заштитен зелен појас и тн кои до ден денес иако предвидеди со ГУП или ДУП не се никогаш изведени на терен, а сега се огромна пречка за легализација и треба за секоја Катастарска парцела согласност од совет на општина и согласно Правилник за Стандарди и нормативи за урбанистичко планирање пропишани од Министер за транспорт и врски (многу битен за легализација укажува компатибилности на намена на земјиште пример домување во куќа според овој Правилник не е компатибилно со заштитен зелен појас Д2 или не е компатибилно со парковско зеленило).

**2.2.** Тоа се одредби од Законот и од Правилниците, во реалноста имаме спора имплементација, бидејќи согласно член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ако намена на објектот (домување во куќа) не е во согласност со намена на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечко урбанистичка планска документација, или бесправен објект е изграден надвор од плански опфат, надлежниот орган донесува заклучок за прекин на постапка и по службена должност доставува барање до Совет на општина заради донесување одлука дали во идна урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување на намени односно дали ќе се изврши проширување на плански опфат. Бидејќи Законот не предвидува рок во кој по донесување на заклучок по службена должност се доставува барање до Совет на општина, во практика голем дел од постапки се случува да имаат заклучок за прекин од 2012, 2013 година а до ден денес нема информации дали воопшто е доставено барање до Совет на општина од една страна, а од друга страна пак не постои законски предвиден рок во специјалниот закон за легализација кој ги обврзува.

Предлози: со измени на член 10 став 4 од Законот да се предвиди рок од 10 работни дена да достават службено барање до Совет на општина, а од друга страна пак член 18 на Законот предвидува дека Советот треба да донесе одлука во рок од 30 дена од кога им е доставено барањето. Со ова значително би се зголемила динамиката и ќе се интензивираат постапките, особено за граѓани надвор од плански опфат, а се на граница на градско подрачје, ромски населби во Куманово. Во истиот член 10 став 4 да се дополни дека заклучокот за прекин во овој случај треба да содржи податоци за важечка урбанистичко планска документација врз основа на

која се решава за правата, обврските и правните интереси на странките и следствено на тоа да се наведе важечки ДУП и намена на земјиштето според ДУП-от, и важечки ГУП и намена на земјиштето според ГУП-от. Ова особено од аспект што утврдување на фактичката состојба во ГУП-от и ДУП-от следствено, прво нивна усогласеност со предност да се земе намена на ГУП-от (што е и предвидено со Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти), е битен факт доказ при утврдување на усогласеност на намени на земјиштето, и при тоа да бидат изводите од ДУП И ГУП да бидат прилог кон заклучокот за прекин, за поголема правна сигурност и правна заштита од евентуални недоследности. Во таа насока треба да се дополни и Правилникот за формата и содржината на решението за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект (Сл. Весник 56/11, 65/15), во решението со кое се одбива утврдување на правен статус на бесправен објект поради неусогласеност на намена на земјиште да се наведе ГУП-от и ДУП-от и намената на земјиштето според нив. Со овие податоци, ГУП и ДУП надлежниот орган, општината, располага и може да ги прибави по службена должност. Битен елемент кога се утврдуваат услови за издавање на урбанистичка согланост е намена на земјиштето, нешто за кое странката нема податоци, ниту пак е уредно известена од надлежниот орган во секој случај конкретно, иако општината располага со овие податоци по службена должност.

**2.3** Предлагаме рокот од 3 дена со измени и дополнувања да биде 30 дена во член 15 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти со кој предвидува доколку општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот не издаде урбанистичка согланост односно не донесе решение со кое се одбива барањето за утврдување на правен статус подносителот на барање има право да поднесе барање до писарница на градоначалник на општината, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на уредување на просторот да издаде урбанистичка согласност. Правото на ефективна правна заштита на подносителот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект треба да биде земено во предвид и со оглед дека предвидениот рок е многу краток и лесно може да биде пропуштен од објективни причини, за таа цел предлагаме со измени и дополнувања да се предвиди рок од 30 дена во кој ќе имаат право на барање подносителите на барањата за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**2.4** Предлагаме измени и дополнувања на Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи), Во членот 6 по ставот (2) да се додаде нов став кој ќе гласи: Околноста дали намената на

градежното земјиште во моментот на одлучување е во целост или делумно реализирана се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотно правните работи со увид на лице место во рок од 30 дена откако е комплетирано барањето за приватизација.

**3. Предлози од областа на здравствена заштита (Министерство за здравство)**

**3.1.** Предлагаме Министерството за здравство и Владата на Република Македонија да предвидат и да обезбедат имплементација на мерки во годишната превентивна Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2016 година, за зајакнување на пристапот до антенатална здравствена заштита за ранливи категории на жени во репродуктивен период со обезбедување на целина на антенатални прегледи и микробиолошки брисеви на бремени жени на трошок на државата за ранливи категории на жени и нивно ослободување од плаќање на партиципација за прегледи имајќи го во предвид Упатството за антенатална грижа. Предлагаме во предвид да биде земена целна група на невработени жени, приматели на социјална парична помош, приматели на постојана парична помош, самохрани мајки, жени со месечни примања под минимална плата и Ромки.

Предлагаме во стратегиски документи кои се однесуваат на здравјето на мајките и децата да се имаат во предвид и да се адресира влијанието на социјалните детерминанти врз здравјето на ранливите групи на жени и при креирање на интервенции треба да се земат в предвид сите можни бариери (организациски, информативни) за да се оптимализира нивната реализација.

**4. Предлози во областа на образование (Министерство за образование и наука на Република Македонија)**

**4.1.** Во областа на **основно образование** за припадниците на ромската заедница, и предлагаме на Владата и на Министерството за образование и наука земајќи ја во предвид обврската од акциониот и оперативниот план за образование за воведување образовни медијатори во воспитно-образовниот систем. Воведувањето ромски образовни медијатори е мерка што се препорачува во Националната Стратегија за Ромите во Република Македонија и истите се предвидени како мерка која треба да ја реализира Министерството за образование и наука како обврска предвидена во Акциониот и Оперативниот план за образование. Улогата на образовниот медијатор е да обезбеди вклучување ромски деца во основното образование, нивно интегрирање во редовното основно образование, спречување осипување/откажување и олеснета комуникацијата меѓу училиштето, родителите и заедницата, за успешно да го завршат основното образование. Во насока на ова е и препораката на Советот на Европа бр. (2000) 4 на Комитетот на Министри од Советот на Европа која гласи: „Особено внимание треба да се обрати

за да се осигура подобра комуникација со родителите, каде што е потребно да се користат медијатори од ромската заедница, што потоа може да води до можности за кариериерен развој".

Со почит

Национален ромски центар